РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1760/2
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1760/1 од 16.04.2026 година, со наводи за сомневање за незаконско вршење на услужна дејност од страна на физичко лице во населба ----------- -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за надлежно постапување во предметниот случај поради тоа пријавените наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за кои Државната комисија нема обврска, ниту е во можност да се произнесува, а воедно подносителот на пријавата се обратил до соодветни надлежни органи.

Предметот со број 12-1760/1 од 16.04.2026. година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 16.04.2026 година до ДКСК доставена е анонимна пријава заведена под број 12-1760/1 во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско вршење на услужна дејност од страна на физичко лице во населба ----------- ----------------.
Во конкретнитот случај станува збор за пријава за нерегистрирана дејност која се одвивала во имповизиран необележан простор – сутерен на приватна семејна куќа на адреса: --------- ------- -------, ----------, а подносителот се сомнева дека од страна на физичко лице незаконски се врши услужна дејност, спротивно на важечките законски пропоси, што за него претставувало нерегистрирана економска активност, непријавени приходи и здравствен ризик за населението.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Пријавата е насловена до Управата за јавни приходи, Даночен санитарен и здравствен инспекторат, Државен пазарен инспекторат и Државен инспекторат за труд, а во копија е доставена и до ДКСК.

По разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира дека пријавените наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за кои Државната комисија нема обврска, ниту е во можност да се произнесува, а воедно подносителот на пријавата се обратил до соодветни надлежни органи за постапување по пријавената област.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема основ за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar